КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр. 04-1170/3
28.12.2023

Врз основа на член 77-а, став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16, 120/18 и 110/19), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-688/1 од 19.06.2018 година, Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Македонија, бр.01-689/1 од 19.06.2018 година, донесени согласно Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Сл.весник на РМ бр. 34/15), Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на лица на неопределено време, за 2023 година во НУ Кинотека на Република Северна Македонија, бр.18-13824/2 од 18.12.2023 година (наш бр. 04-1113/2 од 18.12.2023 година), Националната установа Кинотека на Република Македонија, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2023**
**за вработување на неопределено работно време за 1 (едно) лице давател на јавна услуга**

Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија објавува оглас за вработување на 1 (едно) лице за следната позиција:

**1 (еден) давател на јавна услуга**
КУЛ 03 04 Д03 005; Стручен соработник во заштитата на културното наследство;
- Филмолог –филмски архив;........................................................ (1) еден извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните **општи услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работното место**
- 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од Наука за книжевноста, Историја на уметноста, Драмски уметности, Социологија или Филозофија.
- Работно искуство: до една 1 (една) година работно искуство

**Распоред на работно време**
- **работни денови** понеделник-петок
- **работни часови неделно** 40
- **работно време од** 8,00 до 16,00

**Паричен нето износ на плата:** 43.109,00 денари

**НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2023 година се: Албанец(ка) 1**

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на **пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во НУ Кинотека на Република Северна Македонија или на WEB-страната на Кинотеката (kinoteka.mk)**

Кандидатите кон пријавата треба да приложат **во оригинал или заверени на нотар**:

- Уверение за државјанство
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/ Лекарско уверение
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност/ Уверение дека не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност, должност
- Доказ за завршено образование / Диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место
- Доказ за работно искуство

**Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.**

Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на Кинотеката заклучно со последниот ден до 15,00 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„За јавен оглас за вработување бр.01/2023“ на адреса НУ Кинотека на Република Северна Македонија, ул.Никола Русински, бр.1, Скопје.**

Селекцијата и интервјуто (писмен и устен дел) на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто. Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работни односи.

Директор
Владимир Ангелов